# 365 ДЕНА ПРОМЕНИ ШТО НОСАТ ИДНИНА

ОТЧЕТ НА ОПШТИНА ШТИП



ноември 2022 година



Почитувани мои штипјани,

Кога на 25 Октомви 2021 година дадов ветување дека систематски, чесно и посветено ќе работам во интерес на сите жители на Општина Штип, искрено тоа и го мислев.
Изминативе 365 дена беа исполнети со бројни предизвици, кои ги надминувавме благодарение на вербата во успех и потребата да ја покажеме целокупната одговорност која ја имаме пред оние кои ни ја дале довербата.

Визијата која ја имавме за нашиот град, уште во првата година од мојот мандат почна да ја гледа светлината на денот. Тоа значи дека оваа година реализиравме над 130 проекти, или секој трети ден промовиравме нов проект со кој го унапредивме животот на различни категории на граѓани во нашиот град. Периодов кој измина го посветивме на развој на инфраструктурата, подобрување на условите во образовните институции, реконструкција и изведба на нови спортски и детски содржини, зголемување на општинските буџетски приходи, транспарентност во работата – преку непосреден контакт со граѓаните, поддршка на младите, ранливите групи, бизнис секторот, жените и се разбира – најмладите.
Меѓутоа, како татко на градот имам должност и обврска не само да извршам позитивно влијание врз благосостојбата на граѓаните, туку и да оставам белег во градот преку начинот на кој менаџирам со општинските буџетски средства. Затоа, со денонoќна работа за само една година успеавме да го реализираме проектот „Штип без кал“, со кој овозможивме најнаселените приградски населби да добијат асфалтирани улици, во урбаното градско подрачје го променивме асфалтниот слој на повеќе од 20 улици, за децата и младите обезбедивме нови детски и спортски реквизити на дури 10 локации во градот, ја променивме водоводната и канализационата мрежа на најкритичните места во Штип, со акцент на оние населби каде се’ уште имаше азбестни цевки, развивме модерни и достапни јавни политики по мерка на сите целни групи, но се вложивме и во капитални проекти од кои развојниот град Штип имаше голема неопходност.
Во овој контекст со огромно задоволство и гордост можам да кажам дека штипјани веќе имаат уреден и променет влез во градот преку булевар Гоце Делчев, жителите на населба Сењак можат безбедно да учествуваат во сообраќајот на новата крстосница, спортистите и рекреативците добија проширена пешачка и велосипедска патека од Ново Село до Балканска, а централното градско подрачје доби поинаков изглед со новиот кружен тек кај црква Свети Никола и конзолите низводно кеј на река Отиња.
Во овој Отчет пред граѓаните за реализираните проекти на Општина Штип во изминативе 365 дена, поради ограничениот простор не можевме да ги сместиме сите проекти на кои напорно, посветено, транспарентно и неуморно работевме во текот на оваа година. Меѓутоа, јас сум сигурен дека како граѓани на нашиот град, ја забележавте промената и веќе ги гледате зраците на новата иднина.

**Искрено и посветено за вас,**
**Градоначалник на Општина Штип**
**Иван Јорданов**

# Уредување на кружен тек кај црква Св. Никола

Унапредувањето на сообраќајната инфраструктура е во фокусот на локалната самоуправа!
Општина Штип и ЈП Стипион максимално се заложија во кратки рокови и брза динамика да направат нов кружен тек, во непосредна близина на црква Св. Никола, со кој ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот, прегледноста на возачите и пешаците, како и визуелниот изглед на оваа собирна улица во центарот на нашиот град.
За реализација на ова решение, општината инвестираше 3.500.000 милиони денари и со истото ќе обезбеди безбедност за сите учесници во сообраќајот.





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Проширување на велосипедска патека од населба 8 Ноември до населба Балканска





На барање на сите вљубеници во рекреативни активности, од Буџетот на општината одвоивме 8.000.000 милиони денари за проширување и осветлување на постоечката патека со нова, велосипедска од Ново Село до нас. Балканска. Штипјани веќе имаат унапреден и поквалитетен начин на живот, затоа што приоритетите на граѓаните се приоритети на локалната самоуправа!





# Изградба на конзоли за паркирање на река Отиња-лева страна од улица „Васил Главинов“

Општина Штип ја реализираше изградбата на конзоли во централното градско подрачје. Опфатот е на улица Васил Главинов - од мостот кај црква Св. Никола, до Камениот мост кај ООУ Ванчо Прке и истиот овозможи проширување на коловозот, поставување на заштитни огради и уредувањето на тротоарската површина. Со овој проект го унапредивме сообраќајот во центарот на градот и овозможивме слободен  проток на сите учесници во истиот.







# Уредување на спортско и детско игралиште во населба Дузлак





Во населба Дузлак го отворивме мултифункционалниот спортски комплекс со содржини за сите генерации. Овој парк, изминатите години беше заборавен, но го обновивме и реконструиравме, обезбедивме игралиште за баскет со специјализирана тартан подлога, игралиште за мал фудбал со вештачка трева, терен за одбојка, како и нови детски реквизити. Просторот околу игралиштата го уредивме хортикултурно, а сега веќе е заштитен со ограда и целосно осветлен. Во овој проект Општина Штип, во соработка со општествено одговорна компанија инвестираше 3.500.000,00 денари, за младите да имаат можност непречено да рекреираат и спортуваат.





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Уредување на детско и спортско игралиште во населба 8ми Ноември

Заедно со јавните претпријатија започнавме со уредување на повеќенаменскиот парк во населба 8ми Ноември. Конечно жителите на населба 8ми ноември го добиваат тоа што го заслужуваат! Повеќенаменското игралиште го уредуваме со нова специјализирана тартан подлога, нови кошови за кошарка како и специјализиран терен со вештачка трева за мал фудбал. Околниот простор е уреден со летниковец, нови клупи, како и хортокултурно уредување на истиот простор во кој сите генерации ќе го поминуваат своето време за одмор и рекреација. Овој проект е во вредност од 1.500.000 денари, средства обезбедени од Буџет на Општина Штип







# Уредување на парк и игралишта во населба Баби





Паркот во населба Баби доби нов и урбан изглед!
Со поставување на гумирана подлога, ограда и осветлување на спортските р игралишта, ги унапредивме спортските услови во оваа населба, а
за повозрасните направивме пријатна атмосфера, во која ќе уживаат во нивните моменти со младите генерации.

Изградбата на овој спортско-рекреативен центар е во вредност од 3.500.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Штип.





# Уредување на крстосница во населба Сењак



Крстосницата меѓу улиците „Сремски Фронт“ и „Борис Крајгер“ во населба Сењак веќе има современи и безбедни услови за сите учесници во сообраќајот. Жителите на оваа населба добија промени кои им го олеснија секојдневното функционирање, затоа што решивме еден од најголемите сообраќајни предизвици во Штип.



Со осветлување на крстосницата, уредување на тротоарите и финиширање на асфалтот добивме функционално решение со кое граѓаните на Општина Штип ќе се чуствуваат безбедни во сообраќајот.





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Уредување на Рекреативен центар во населба Ново Село





Инвестиравме 2.500.000 денари средства обезбедени од Буџетот на Општина Штип, во урбанизација и модернизација на овој простор.

Новиот Рекреативен центар Ново Село е ново катче за сите деца и возрасни од нашиот град!
Теренот за кошарка го уредивме со нова тартан специјализирана подлога, поставивме нова заштитна мрежа, го осветливме игралиштето, поставивме нови детски реквизити, хортикултурно го уредивме просторот, со што добивме нов и модерен изглед како и место за рекреација и спортување на младите.





# Улично осветлување во Општина Штип

Уличното осветлување се јавуваше како еден од најголемите проблеми, за што имаше и бројни реакции од граѓаните. Општина Штип склучи договор по пат на јавно-приватно партнерство со фирма која се грижи за одржување на уличното осветлување и промена на обичните со штедливи светилки. Со инсталација на улично осветлување со голема штедливост, значително ги намаливме сметките за електрична енергија за уличното осветлување. Со промената на дотраените столбови и замената со штедливите светилки ја осветливме секоја населба во град Штип.



# Асфалтирање на крак од булевар Гоце Делчев



Развојот на индустријата, значи развој на економијата!
Како одговорна локална самоуправа, со асфалтирање на улици во Индустриска зона 2, го помагаме развојот на штипските компании.



# Поставување на нова водоводна и канализациона линија во населба Автокоманда

Во завршна фаза сме на проектот за целосна реконструкција на три улици во една од најнаселените населби во Штип. Улиците Браќа Даневи, 5ти Конгрес и Солидарност, добија нов водовод и канализација, затоа што постоечката мрежа беше застарена и нефункционална, а во моментов сме во фаза на поставување на асфалтен слој, со уредени тротоарски површини. Населба Автокоманда после децении има модерен, функционален и урбан изглед!







365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Уредување на парк во населба Сењак



Ова интересно катче во најголемата населба во нашиот град, доби нов и модерен изглед благодарение на заложбите на двете јавни претпријатија и интересот на локалната самоуправа за негово финансирање.
Мултифункционалниот парк со повеќенаменски детски игралишта и содржини во населба Сењак 2 е изграден со средства од Буџет на Општина Штип во износ од 1.000.000 денари.



# Партерно уредување во нас. Сењак на ул. Сремски Фронт

На барање на граѓаните го реализиравме партерното уредување пред влезовите во неколку станбени згради во населба Сењак 2. Со поставување на павер елементи овозможивме подобро функционирање на тамошните жители. Овој проект е во вредност од 350.000 денари, средства обезбедени од Буџет на Општина Штип.
Оваа пракса ќе ја примениме и во иднина, за да ги модернизираме и урбанизираме поголем дел од станбените згради во секоја населба од градот.





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Асфалтирање на улица во с.Лакавица

Проектот „Штип без кал” предвидува асфалтирање улици во приградските населби во нашиот град.
Во село Лакавица се асфалтираше улица која води до основното училиште во ова населено место. Вкупната површина на улицата изнесува 1.460 м², а вредноста на проектот е 1.500.000 денари.





# Уредување на улица Кежовица



Со поставување на павер елементи на улица Кежовица, населба Ново Село доби нов и модерен изглед. Поплочивме површина од 1.500м², со што оваа улица стана лесно функционална и преодна за сите учесници во сообраќајот.
Вкупната вредност на проектот е 700.000 денари - средства целосно обезбедени од Буџетот на Општина Штип.



# Уредување на спортски игралишта во населба Сењак



Заборавената населба Сењак 4 веќе има современ парк со повеќенаменски детски игралишта и содржини.
Изградивме повеќенаменско детско игралиште, игралиште за мал фудбал со вештачка трева, ново игралиште за баскет, целосно осветлување и уредување со нова урбана опрема. За овој проект Општина Штип одвои 1.000.000 денари буџетски средства.



# Асфалтирање на крак од ул. „Лески“



Ние се грижиме за потребите на секој граѓанин и секое населено место. Улицата каде гравитираат деловни објекти, веќе има репрезентативен изглед, како една од најфрекфентните сообраќајници во Општина Штип.



# Подготовка за асфалтирање во населба Автокоманда



Во изминатиот период успешно извршивме промена на дотраена водоводна и канализациона мрежа во населба Автокоманда, при што пристапивме кон трасирање и подготовка за асфалтирање на улиците Солидарност, Браќа Даневи и 5ти Конгрес. Со навремено завршување на започнатите проекти им овозможуваме на граѓаните на Општина Штип достоинствено и ефикасно функционирање во секојдневието.







# Асфалтирање на улица Панче Караѓозов

Улицата Панче Караѓозов ја затекнавме во исклучително лоша состојба, затоа уште на почетокот од мандатот, целиот фокус беше насочен кон асфалтирање на истата, за граѓаните непречено да пристапуваат кон своите домови. Овој голем проект беше финализиран во експресен рок и денес улицата Панче Караѓозов претставува една од најмодерните сообраќајници во Општина Штип.





# Асфалтирање на булевар Гоце Делчев



Во соработка со неколку институции, успеавме да го обновиме асфалтот на најголемата, најфрекфентна и најрепрезентативна сообраќајница во нашиот град!
Булевар Гоце Делчев доби нов асфалтен слој, а сите посетители и граѓани на Општина Штип се уверија дека со посветена работа и здружени сили, секој град може да го добие посакуваниот изглед.





# Изградба на нова водоводна мрежа во населба Каваклија

Ветивме водоводна мрежа во местото наречено Каваклија, а оваа година започнавме со реализација на истата. Со проектот ќе се изгради водоводна линија со должина од 2.600 метри, а со тоа ќе ги решиме долгогодишните и секојдневни предизвици на жителите во овој дел од градот.
Нашите заложби ќе ги насочиме кон решавање на најголемите проблеми, во најзасегнатите населби во Штип, затоа што сите граѓани заслужуваат основни услови за достоинствен живот!





# Асфалтирање на улици и паркинг места во населба 8 Ноември



Жителите од населба 8 Ноември после долги години добија уредени улици, доволен број на паркинг места и соодветна врска со бул. Партизанска, а учениците во Општинското основно училиште Тошо Арсов веќе ќе имаат безбеден пристап до нивното училиште.
За овој проект Општина Штип инвестираше повеќе од 4.200.000 денари.



# Изградба на конзоли низводно р. Отиња



Со изградба на конзолите во централното градско подрачје, го растеретуваме сообраќајот во центарот на градот и овозможуваме слободен проток на сите учесници во истиот.



# Реконструкција на тоалети во СОУ„Коле Нехтенин“

Во СОУ „Коле Нехтенин“ комплетно е променета водоводната и канализационата мрежа, поставени се нови санитарни плочки, извршена е промена на целокупната електрична инсталација, поставени се нови санитарни елементи, како и целосна реконструкција на подот, ѕидовите и плафонот.
Со ваквите проекти значително ќе се подобрат условите за реализација на наставниот процес, согласно најсовремените стандарди и потреби на учениците.
Овој проект е во вредност од 2.600.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Штип.





# Реконструкција на систем за греење во СОУ„Јане Сандански“



Со финансиски средства од Буџетот на Општина Штип, во вкупен износ од 2.500.000 денари во СОУ „Јане Сандански“ набавивме нов котел и извршивме целосна реконструкција на дотраената инсталација на парно греење. По завршување на овој проект пристапивме кон изградба на повеќенаменско спортско игралиште за баскет и мал фудбал со поставување на специјализирана тартан подлога, заштитна ограда и целосно осветлување на игралиштето кое е во тек на изградба. Со реализација на овие проекти квалитетно и ефикасно се вложуваме и ги подобруваме условите за следење на наставата.





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Уредување на детско и спортско игралиште во населба Железничка



Со уредување на постоечкото спортско игралиште и поставување на нови содржини на со децении уништеното детско игралиште во Населба Железничка, успеавме да ја вратиме помладата популација во природа и на отворено. Една од најбрзорастечките населби во градот го доби она што одамна го бараше од локалната самоуправа, а вредноста на целокупниот проект е во износ од 1.500.000 денари.



# Проширување на велосипедска патека од Ново Село до нас. 8 Ноември



На барање на сите вљубеници во рекреативни активности, од Буџетот на општината одвоивме 8.000.000 милиони денари за проширување и осветлување на постоечката патека со нова, велосипедска од Ново Село до нас. 8ми Ноември. Штипјани веќе имаат унапреден и поквалитетен начин на живот, затоа што приоритетите на граѓаните се приоритети на локалната самоуправа!



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Асфалтирање на улици во Дузлачки рид



Со буџетски средства во износ од 650.000,00 денари, се асфалтираше улица во населба Дузлачки рид. Урбанизиравме уште 1000 м2 градска патна инфраструктура, на локација каде жителите се соочуваа со предизвици во нивното секојдневие.



# Асфалтирање на улици во населба Македонка

Населба Македонка доби комплетно нов изглед!
После промената на секундарната водоводна мрежа, за прв пат од постоењето на населбата ги асфалтиравме улиците. Проектот се реализираше во неколку фази и во кратки рокови, затоа што граѓаните и нивната благосостојба ни се на прво место!





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Уредување на спортско игралиште во населба Три Чешми



Населбата Три Чешми доби нов модерен, целосно осветлен и ограден спортски терен со специјализирана тартан подлога. Во наредните неколку години секоја населба ќе добие нова современа спортска инфраструктура, на која ќе рекреираат и спортуваат нашите сограѓани.
Проектот е во износ од 2.500.000 денари.

# Уредување на спортско игралиште на улица Личка

Во едно од најстарите маала во Штип, после долги години направивме модерно и осветлено фудбалско игралиште, со специјализирана вештачка трева, каде децата физички ќе се зајакнуваат и ќе градат животни спомени.





Жителите на улица Личка добија модерна спортска содржина, каква што од секогаш посакувале, а ние како локална самоуправа сме насочени секоја населба да добие место каде граѓаните ќе ги минуваат најубавите мигови!





# Поврзување на ул. Плачковички Одред со ул. Цвета Јованова



Решивме долгогодишни проблеми на граѓаните на нашата општина!
На улицата Цвета Јованова ѝ недостасуваа уште неколку метри, за да има комплетен изглед. Тоа го овозможивме со нешто повеќе од 500.000 денари општински буџет и после децениски барања од страна на урбаната заедница, ги поврзавме улиците Цвета Јованова и Плачковички одред.



# Асфалтирање на улици во населба Пребег

Со асфалтирање на краци од улиците Ристо Стојков и Баница во населба Пребег, уште една населба во Штип доби уредени улици. Ги задоволивме барањата на граѓаните, но во наредниот период продолжуваме со уште поинтензивно темпо во населба Пребег. Овој проект беше финансиран од Буџетот на Општина Штип, а инвестицијата е во износ од 900.000 денари.






# Промоција на проектот „Македонисимо“ во Штип

Ја имавме честа проектот „Македонисимо" да одекне во нашиот Штип, а маестро Симон Трпчески и пријателите да брилираат со концерт во градот под Исарот.
Општина Штип и општествено одговорни компании застанаа во поддршка на ова ремек дело од македонска музика, сакајќи заеднички да допринесат во зачувувањето и негувањето на македонската самобитност кај секој еден од нас!





# Уредување на дворот во ОУК Дом на млади





Започнавме со реконструкција, односно партерно уредување на дворното место на ОУК Дом на млади. Со овој проект е предвидено да се задржи автентичноста на постоечките каскадни платформи и добивање на нов, модерен и урбанизиран изглед. Вкупниот буџет на проектот е во износ од 6.409.877 од кои 3.856.000 денари се средства обезбедени од Општина Штип и 2.555.000 денари од Програмата за рамномерен регионален развој.



# Асфалтирање на улица Ванчо Китанов

Го реализиравме асфалтирањето на улица Ванчо Китанов, која беше затворена за сообраќај повеќе од една година.
Со реконструкција на оваа улица и изградба на потпорниот ѕид, заради поголема безбедност, сите граѓани и учесници во сообраќајот веќе ќе можат слободно да се движат во текот на дневните активности.
Овој проект е во вредност од 1.400.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Штип.





# Реконструкција на тротоари во Општина Штип



Реконструкција на тротоар на булевар Гоце Делчев



Реконструкција на тротоар кај црква Св.Никола





Реконструкција на тротоар во населба Сењак 2



Реконструкција на тротоар на улица Партизанска

# Асфалтирање на улица во населба Дузлак

Со домаќинско планирање на средствата, имавме одлична реализација на проектите, кои се на барање од граѓаните! Жителите на улица Кратовска во населба Дузлак, веќе имаат реконструирана улица која ќе им овозможи полесно секојдневно функционирање и подобрување на инфраструктурниот изглед.
Проектот во вредност од над 600.000 денари, со средства обезбедени од Буџет на Општина Штип, е само еден од низата на остварени ветувања кон граѓаните.





# Асфалтирање на крак од улица во населба Караорман



Проектот „Штип без кал“ овозможи дел од жителите на населба Караорман, за прв пат да добијат асфалтирани улици до своите домови.



# Асфалтирање на улици во населба Балканска



Проектот „Штип без кал“ овозможи унапредување на условите за живот во населба Балканска. Ова беше една од населбите каде граѓаните се’ уште немаат асфалтирани улици до нивните домови. Иако ни претстои уште многу работа во оваа населба, сепак општинската инвестиција од 6.000.000 денари значително придонесе за урбанизација во овој дел од градот.



# Асфалтирање на улица Борко Талев

Систематски и плански работиме насекаде во градот!
На улиците Боро Талев и Јане Сандански најпрво извршивме промена на водоводната мрежа, а потоа ги асфалтиравме со буџетски средства во износ од 1.700.000 денари.





# Асфалтирање на крак од улица во населба Балканска

Проектот „Штип без кал“ овозможи унапредување на условите за живот во населба Балканска.





# Асфалтирање на улици во населба Чардаклија

Проектот „Штип без кал“ овозможи дел од жителите на населба Чардаклија за прв пат да добијат асфалтирани улици до своите домови.





# Ново возило за Територијалната противпожарна единица

Општина Штип обезбеди возило за Територијалната противпожарна единица во износ од 7.100.000 денари, со капацитет од 6.000 литри, а пожарникарите добија висококвалитетна опрема, соодветна за гаснење шумски пожари.





# Нова огноотпорна противпожарна опрема

Штипската противпожарна единица по две децении доби нова опрема. Станува збор за 37 броја огноотпорна опрема, наменета за шумски пожари. Со ова целокупно се заокружува проектот со којшто ја модернизираме Територијалната противпожарна единица и ја обновуваме опремата со која ќе оперираат нашите пожарникари во претстојниот период, во ризичните месеци со шумски пожари. Опремата е во вредност од 2.400.000 денари и станува збор за проект преку ИПА програмата за Меѓугранична соработка.



# Промена на водоводна и канализациона линија во населба Исар

За прв пат после 50 години, три улици во населба Исар добија нова водоводна и канализациона мрежа. По завршување на градежните активности, дел од улиците Пане Гочев, Стив Наумов и Бел Камен добија нов изглед со поставување на павер елементи. Овој проект е во вредност од 4.500.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Штип.







# Поставување ограда на улица Васил Главинов

Благодарение на поднесениот амандман од страна на пратеникот и координатор на пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ во Собрание на Република Македонија, Никола Мицевски, на левата страна на р. Отиња се постави заштитна ограда, за поголема безбедност на пешаците и поубав изглед на централното градско подрачје.
Проектот е во износ од 5.580.000 денари и е финансиран од централниот Буџет на Република Македонија.





# Отворање на сензорна соба во ООУ Димитар Влахов

Пуштена е во употреба целосно опремена сензорна соба со реквизити и стимулативни алатки во Општинското основно училиште Димитар Влахов. Оваа соба е наменета за децата со посебни потреби, кои се вклучени во редовната настава во самото училиште, а истата ќе може да се користи и од страна на децата со типичен развој при работа во групи.
Оваа сензорна соба е отворена со кофинансирање од Општина Штип преку Фондацијата „Чекор по Чекор" која го спроведува проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран".
Овој проект е само еден пример за целосно вклучување на учениците со попреченост во образовниот процес и зајакнување на инклузивноста во нашата општина.



# Штипско Културно Лето 2022

Во магичниот амбиент на дворот на црквата Успение на Пресвета Богородица оваа година го отворивме Штипско Културно Лето каде штипјани го проследија уникатниот настап на Женскиот хор Злата Мегленска, а во доцните ноќни часови уживаа во неверојатната енергија и незаборавните хитови на групата Фиц Студени нозе.







# Ново теренско возило за Територијалната противпожарна единица во Штип



Општина Штип доби противпожарно теренско возило, донација од Дирекцијата за заштита и спасување. Ова теренско возило е доделено заради оперативно делување при гаснење на надворешни пожари, особено при непристапни терени. Противпожарните служби заслужуваат најдобра опрема и достоинствени услови за работа, бидејќи тие се оние кои во сите опасни ситуации први им служат на граѓаните!

# Нови животни во ЗОО парк Бриони



Штипјани имаат причина повеќе да го посетат ЗОО паркот БРИОНИ.





ЗОО парк БРИОНИ има четири нови животни Коати и Лемури, а на ним им се приклучија гривесите павијани Лука и Луна од семејство мајмуни, донација од Скопската Зоолошка Градина.





**ЈП Исар се погрижи за поставување на нови живеалишта, направени по препорака на АХВ за благосостојба на животни чувани во зоолошки градини.**





# Мој Општинар





Секое населено место во Општина Штип има одговорно лице, вработено во локалната самоуправа, кое помага во решавањето на комуналните проблеми и комуналниот неред во нашиот град. Целта е секоја урбана заедница и секој граѓанин постојано и на дневна основа да имаат линк со локалната самоуправа, за поефикасно решавање на предизвиците со кои се соочуваат.



# Општина Штип во боите на различностите



Зградата на Општина Штип во 2022 година за прв пат беше обоена во име на сите лица со ретки болести.
Во соработка со ПКУ Хероi го обележуваме 28 Февруари, Светскиот ден на ретките болести и со низа на активности, влијаеме во зајакнување на свеста и сензитивноста на локалната заедница во насока на еднаквост и прифаќање на различностите.




# Отварарање на Младински клуб, Млади Хаб

Во НУЦК „Ацо Шопов“ Штип, официјално се отвори првата регионална Млади Хаб канцеларија. Преку отворањето на оваа канцеларија и взаемната соработка на младите во Штип со локалните и националните организации се развааt можности за вработување, аплицирање на локални проекти, како и бесплатни активности за сите млади. Канцеларијата се отвори со поддршка на Општина Штип, проектот е финансиран од Британската амбасада во Македонија, а беше спроведен од Национален младински совет на Македонија.





# Поддршка на спортот

Општина Штип го поддржува спортот преку:
1. Директна финансиска поддршка:
- Материјална помош на спортски клубови и спортски здруженија, преку финансирање на програми за развој на спортот и котизација за натпреварување во сите нивоа на официјалните натпреварувачки лиги;
- Материјална поддршка на спортски институции кои извршуваат научни проекти од јавен интерес за развој на спортот во Општина Штип;
- Материјална поддршка за организирање и реализација на спортски манифестации кои се од јавен интерес за развој на спортот во Општина Штип.
2. Материјална поддршка за развој на училишен спорт, преку директна финансиска поддршка на Сојуз на училишен спорт, бесплатни термини за тренажен процес и развој на училишни спортски клубови.
- Обезбедување на услови за непречен развој на спортот и тренажниот процес;
- Ослободување на спортските клубови кои се натпреваруваат во официјалните лиги на натпревари од 3 термини за тренажен процес од плаќање за наем на спортските сали и спортски терени кои се во надлежност на Општина Штип.
3. Материјална поддршка на спортисти од Општина Штип кои учествуваат на Меѓународни натпревари.
4. Во соработка со Македонски Олимписки Комитет се обезбедени спортска опрема и спортски реквизити за поддршка и развој на Училишен спорт и училишни спортски клубови.





# Новогодишен Базар



На Плоштадот Слобода, во организација на Општина Штип на 24 и 25 Декември се одржа Новогодишен базар. Настанот изобилуваше со многубројни музички артисти, кои со својата музика и настап примамија голем број на посетители.
На самиот плоштад беа поставени новогодишни штандови на кои граѓаните ги изложија своите рачни изработки во новогодишен и божиќен дух. Сето ова беше надополнето со многу детски артисти, жонглери и фрлачи на оган кои измамија многу среќни детски насмевки.
Ова беше една успешна предновогодишна приказна, која ќе ја продолжиме и во наредните години.



# Весело штурче 2022

Премиера на фестивалот за деца „Весело Штурче“, се одржа оваа година по повеќе од 20 години пауза, овој фестивал повторно ги разигра и развесели детските искрени срца.
Голема благодарност до добро познатите музички имиња сопружниците Филип Стевановски и Ирена Крстовска Стевановска кои несебично се вложија да го вратат сјајот на фестивалот.
Со поддршка од Општина Штип и општествено одговорни компании, овој фестивал повторно го доби заслуженото место на музичката сцена.
Се надевам дека учесниците на „Весело Штурче“ во иднина ќе се прослават и ќе ги достигнат сите врвови на музичкото ѕвездено небо.





# ПАСТРАМАЛИЈАДА

По двегодишна пауза штипската „Пастрамалијада“ повторно беше во фокусот на јавноста! На 23ти и 24ти Септември, Штип стана центар на најголемата манифестација на познатата локација Дујле каде настапуваа познатите музички звезди како: Јелена Розга, Тони Цетински, Џамбо Агушеви, ДНК, Куку Леле и Зоран Илиев.





Буџетот на манифестацијата е во вредност од 4.000.000 денари. Општина Штип како главен покровител обезбеди 2.500.000 денари, а партнерите 1.000.000 денари.



# МАКФЕСТ



Штип на 21ви и 22ри октомври оваа година дишеше во знакот на 37 издание на реномираниот фестивал на забавна музика „Макфест 2022“. Општина Штип обезбеди средства да го одржи ова фестивалско издание, кое и покрај неколку новитети, кои за првпат се случуваат на фестивалската сцена, сепак го одржа континуитетот на една од најдолговечните и најуспешни музички манифестации во земјава.

И покрај бројните измени што ги доживеа за овие 37 години, „Макфест“ и овојпат создаде „бранови на македонската музика“, како што е слоганот на фестивалот. Фестивалот се оддржа во Домот на културата „Ацо Шопов“ во Штип, каде што сѐ уште се чувствуваат спомените и песните од претходните ѕвездени изданија.





Оваа година „Макфест“ е сцена на која млади имиња на македонската музика го започнуваат и трасираат својот пат кон нови успеси, а оние, веќе докажаните, повторно се враќаат во Штип, каде што доживеале незаборавни мигови во својата музичка кариера.

# Субвенции и поддршка на семејства и граѓани

Општина Штип преку проект за децата од ромска националност од 3 до 5 години обезбеди бесплатен престој во детските градинки. Преку проект за децата со попреченост од прво до трето одделение се обезбедени стипендии во висина од 3.000 денари месечно. Целта на стипендиите е да се даде поддршка на семејствата на децата со попреченост во надминување на трошоците поврзани со нивното школување. За децата со попреченост и децата со ретки болести е обезбеден бесплатен престој во детските градинки во нашиот град.

Остварувањето на правото на бесплатен престој е обезбедено за:

- пречки во телесниот развој (тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој);
- интелектуална попреченост (умерена, тешка и длабока);
- најтешки облици на хронични заболувања со присутни оштетувања и лимитирани активности;
- оштетен вид (слепо и практично слепи лица);
- оштетен слух (практично глуво и тотално глуво);
- потполно отсуство на говорот, тешко оштетен говор, лице со изгубен или оштетен порано стекната говор;
- аутизам;
- повеќе видови попречености (комбинирани пречки во развојот) и
- деца со ретки болести( Програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија,  заболувања кои се наведени единствено во ОРФАН листата на ретки болести - Јануари 2021 година).



# Фонтани во централно градско подрачје



Предизвикот не е само да оставиш нешто како траг од своето менаџирање со градот, туку и да го одржиш во добра состојба оставеното од претходниците. Фонтаните во Штип од ова лето работат согласно нивната намена, затоа што граѓаните на нашиот град го заслужуваат тоа!



# Стипендии и награди за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари

За прв пат оваа година распишавме јавен повик за пријавување ученици за доделување награди и стипендии за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари, предвидени во Правилникот за наградување на ученици од Општина Штип.
Јавниот повик се однесува на два вида награди и тоа:

-Стипендија во времетраење од 12 месеци и

-Еднократна парична помош.

Нашата определба е целосна поддршка во образованието, преку истакнување и наградување на талентираните ученици.









# Велигденски игри без граници

По повод празникот Велигден, организиравме Велигденски игри без граници - настан кој го исполни ЗОО паркот Бриони со детски џагор и насмеани родители.
Игравме, се натпреварувавме и дизајниравме велигденски јајца, во духот на големиот христијански празник и семејните вредности!








# Усвојување на Генерален Урбанистички План на Општина Штип

Општина Штип е во постапка на донесување на Генерален урбанистички план над Град Штип. Оваа документација, за жал долги години беше без напредок, а со тоа и усвојувањето на истата беше невозможно.
Во текот на оваа година слободно можеме да кажеме дека успеавме да постигнеме видливо отскокнување во поглед на оваа тема. По анализирање на затекнатите документации и направен увид на комплетната документација, увидена е состојбата на урбанистичката документација.
Согласно законските прописи од областа на урбанистичко планирање следен чекор по утврден Нацрт план на ГУП е изработна на Предлог план на ГУП на град Штип. Истиот со целокупната негова документација е доставен до Министерство за транспорт и врски. По добивање на оваа согласност на Предлог ГУП на град Штип, единствен чекор кој преостанува до спроведување и реализација на оваа планска документација е утврдување на Предлог планот на Советот на Општина Штип.



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# Асфалтирање на дел од локалниот пат кон селата Шашарвалија,Кошево и Почивало

Обезбедуваме еднакви услови за жителите во урбаните и руралните средини.Започнавме со подготовка за асфалтирање на дел од локалниот пат кон селата Шашаварлија, Кошево и Почивало - проект кој го реализираме во соработка со Бирото за регионален развој.
Остануваме посветени на идејата да имаме пристап и развој на секое населено место во нашата општина.







# Реконструкција на кров во ОУК Дом на млади



Градежните активности за реконструкција на кров во ОУК Дом на млади се завршени.
Продолжуваме со таква офанзива и во дворот на оваа општинска институција, при што наредниот период ќе имаме целокупен и реконструиран изглед, насочен кон креирање на младински политики и активности.



# Проект “СИТЕ ЗАЕДНО,ЗА БЕЗГРИЖНИ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ”




Општина Штип, во соработка со општествено одговорни компании од нашиот град,го реализира проектот “Сите заедно, за безгрижни Божиќни празници”. На 200 семејства во социјален ризик, во соработка со Урбаните заедници, како и со помош на советници од Совет на Општина Штип, поделивме бадникова вечера, која беше обезбедена од бизнис секторот.
Голема благодарност за компаниите:
Јофа текс, ЕАМ, Балекс, Вами, Бау инженеринг, Аџико, Премиум 2008, Коле транс, Грдовјанка, Албатрос, Алмонт, Тас-комерц, Црво експрес, Ивал трејд, Ларс, Атриум, Дрводекор, Андреј компани, Ваго петрол, КИТ-ГО, Зендолино комерц, Нестор-Нецко и Изгрев, кои несебично го помогнаа проектот и сите заедно се задолживме ова да стане традиција на нашиот град!



# Асфалтирање на улици во населба Суитлак

Во должина од 1400 м, финансирани од Буџетот на Општина Штип, во вкупен износ од 3.400.000 денари жителите во населба Суитлак добија нови асфалтирани улици.





# Асфалтирање на улица Личка




-Неодговорноста на претходните, за жал ја плаќаат граѓаните!
Одкако се изврши увид на самата улица е констатирано дека со нови прекопи ќе се доврши водоводната линија на начин на кој нашите жители ќе немаат проблеми во иднина. Одкако се изврши промената на водоводната мрежа се пристапи кон асфалтирање се со цел жителите на оваа населба нормално ги извршуваат секојдневните активности. Ефикасното работење е нашиот заштитен знак, а граѓаните тоа го знаат и препознаваат!



# Асфалтирање на улицата кај црква св. Никола (бул. Гоце Делчев)



Уште една критична сообраќајница во нашиот град ја решивме во рекорден рок.
Првата фаза, од т.нар. Огледало до црквата Св. Никола е веќе асфалтирана благодарение на Јавното Претпријатие за државни патишта.
Општина Штип и ЈП Стипион ќе работат на втората фаза од проектот, со тоа што ќе ја уредат со ново сообраќајно решение крстосницата која продолжува кон мостот, со модерен и квалитетен кружен тек, со кој ќе се намали ризикот за сите учесници во сообраќајот.



# Осветлување на крстот на тврдина Исар

Крстот на Исарот, кој заедно со средновековната тврдина е симбол и белег на нашиот град, повторно силно светна!
Општина Штип го осветли крстот кој е поставен на врвот од карпестиот рид каде се простира нашето познато културно наследство. Ритуалот „Четрсе“, прогласен од страна на УНЕСКО како светско нематеријално културно наследство го добива потребното внимание и заслужената „светлина од рефлекторите“.



# Отворени денови со граѓани

Со реализација на проектот „ Отворени денови со граѓаните“ секоја среда во 18:00 часот во холот на Советот на Општина Штип, заедно со претставници од службите остваруваме средба со нашите граѓани заради транспарентно и одговорно решавање на нивните проблеми. Комуникација со граѓаните ја зајакнуваме преку масовни средби и ефикасно решавање на нивните проблеми на јавни средби со најзасегнатите сектори во локалната самоуправа!








# Асфалтирање на паркинг простор во населба Сењак 2



Продолжуваме со инвестиции во инфраструктурата и реализација на проекти во секоја населба во Општина Штип. Жителите на населба Сењак добија уреден и асфалтиран паркинг простор пред влезовите на станбените објекти.



# Реконструкција на тоалетите во Гимназија “Славчо Стојменски”

Во Гимназија “Славчо Стојменски” извршивме реконструкција на тоалетите во училиштето. Овој проект во износ од 1.800.000 денари е инфраструктурен потег, преку кој индиректно и позитивно влијаеме на наставно-образовниот процес и резултатите на учениците.





# Реконструкција во СОУ „ Јане Сандански“



Нашата визија е секое училиште да има модерни услови за престој на учениците. Во средното медицинско училиштето Јане Сандански се изврши реконструкција на вратите, извршено е набавка на компјутери за кабинетот по информатика, проекти вредени над 2.000.000 денари. Работиме интензивно, за секој наш ученик да има достоинствена

училишна средина!



# Реконструкција на кров во ОУК Дом на млади



Градежните активности за реконструкција на кров во ОУК Дом на млади се во завршна фаза. Ќе продолжиме со таква офанзива и во дворот на оваа општинска институција, при што наредната година ќе имаме целокупен и реконструиран изглед, насочен кон креирање на младински политики и активности.



# Асфалтирање на неколку улици во населба Железничка

Асфалтиравме улици и во населба Железничка а со тоа ги решивме проблемите на тамошните жители.





# Асфалтирање на улица Др.Слободан Јовановски

Наша примарна обврска е одржување на патната инфраструктура.
Сите заборавени улици, сокаци и булевари добиваат соодветно внимание.





# Поставување на павер елементи помеѓу улица Пиринска и улица 4ти Јули



Уредивме уште една локација во нашиот град. Врската меѓу ул. Пиринска и ул. 4ти Јули, во износ од околу 350.000 денари буџетски средства е мал проект за Општина Штип, но со истиот го решивме децениски проблем за жителите во овој дел од градот.



# Секундарна водоводна мрежа во населба Македонка



Општина Штип од сопствени средства го финансираше проектот за секундарната водоводна мрежа во должина од 1350 м, а во вкупен износ од 2.900.000 денари. Оваа периферна населба, после 50 години доби и асфалтирани улици, со што ќе го подобривме квалитетот на живот на граѓаните од овој дел од градот.



# Поставување на јавни тоалети

Жителите на Општина Штип, после долги години на неколку локации во градот добија јавни тоалети. За прв пат, ваквите санитарни јазли се приклучени на водоводната и канализациона мрежа, со што хигиенските услови во истите ќе бидат на исклучително високо ниво.





# Асфалтирање на улици во населба Караорман

Заврши асфалтирањето на неколку улици во нас.Караорман, во вредност од 2.400.000 денари, финансирани од буџетот на Општина Штип. Продолжуваме со реализација на проектот „ Штип без кал“.



# Асфалтирање на улици во индустриска зона Македонка



За да имаме напредок и развој, потребно е ресурсите да ги насочиме и кон приватниот сектор. Асфалтиравме улици во индустриската зона Македонка, затоа што имаме обврска да обезбедиме соодветни услови, за ефикасно функционирање на бизнис заедницата.




365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА